**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-142/5**
**Скопје, 12.07.2023 година**

Записник од осумдесет и втора седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 12.07.2023 година.

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Арбер Исаку Заменик претседател
г-ѓа Душица Димитриевска член
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јасна Жежова член
г.Љубомир Јовески член
г-Ицет Мемети член
г.Ермон Незири член
г-ѓа Фиданка Рајевска член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-дин Антонио Јолевски констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на осумдесет и втората седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 81 (осумдесет и прва) седница на Советот.
2. Донесување на Одлука за избор на јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.
3. Донесување на одлука за избор на јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје.
4. Донесување на Одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје.
5. Донесување на Одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар
6. Донесување на Одлука за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кавадарци.
7. Донесување на Одлука за избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје.
8. Разно

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја отвори 82-та седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 81 (осумдесет и првата ) седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски истакна дека на Огласот за избор на двајца јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија се имаат пријавено седум кандидати, јавни обвинители од кои еден ги има повлечено документите, јавниот обвинител Ислам Абази со што остануваат шест јавни обвинители кои конкурираат за избор во ЈОРСМ и тоа Наталија Тасевска, Елвин Вели, Валентина Стојановска, Вилма Русковска, Даница Монева, и Златко Биковски. Воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерата за секој јавен обвинител поединечно. Кажа дека јавните обвинители позитивно се оценети, додека за јавниот обвинител Вилма Русковска истакна дека во тек е дисциплинска постапка како и за јавниот обвинител Златко Бикоски за кој исто така се води дисциплинска постапка, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Фиданка Рајевска, која кажа дека од шесте пријавени кандидати, тројца би издвоила за кои би дала подршка поради досегашните професионални ангажмани и успешни резултати во работењето со што посебно би ги издвоила јавните обвинители Наталија Тасевска, Валентина Стојановска и Златко Бикоски. Истакна дека тројцата јавни обвинители имале работено на доста тешки и сложени предмети и имаат остварено одлични резултати.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека сите кандидати им се добро познати на членовите на Советот, дека се искусни јавни обвинители со докажани резултати во јавно обвинителската функција.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески истакна дека е битно дека некои од нив биле и први заменици јавен обвинител, а тоа е битно од причина што станува збор за додатен ангажман и одговорна и чувствителна работа. Смета дека сите кандидати со години наназад им се познати на Советот и движењето во кариерата, по кои предмети имаат постапувано посебно од делот на надзорите и увидот во предметите, особено за јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство преку постапките за жалба.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на двајца јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**Кандидатот Наталија Тасевска доби 9 гласа ЗА, кандидатот Елвин Вели доби 7 гласа ЗА 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Валентина Стојановска доби 5 гласа ЗА 4 гласа ВОЗДРЖАНИ , кандидатот Вилма Русковска доби 0 гласа ЗА, 5 гласа ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Даница Монева доби 2 гласа ЗА, 3 гласа ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ и кандидатот Златко Биковски доби 5 гласа ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ.**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Наталија Тасевска и Елвин Вели за јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.**

Под точка три од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека на огласот за избор на јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје, се имаат пријавено вкупно дванаесет кандидати, и тоа јавните обвинители Зоран Маркоски, Наташа Гоцоска, Артан Ајро, Спасенка Андонова, Владимир Милошески, Наташа Сарамандова, Јован Серафимовски, Љубомир Лапе, Златко Биковски, Расим Дреца, Дарко Јакимовски и Ленче Ристоска. Воедно претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерата за секој јавен обвинител поединечно, и истакна дека јавните обвинители

позитивно се оценети. За јавниот обвинител Расим Дреца кажа дека во тек е дисциплинска постапка, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Влатко Георгиевски кој кажа дека учествувал во водењето на интревјуата со повеќето од кандидатите. Истакна дека на овој оглас се имаат јавено дванаесет кандидати и дека повеќето од нив се одлични јавни обвинители, елоквентни, професионални, но како што кажа, може да се гласа само за двајца од пријавените кандидати.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески даде појаснување во врска со јавните обвинители Љубомир Лапе и Ленче Ристовска за кои кажа дека со негово овластување упатени се да ги довршат предметите кои ги имаат започнато во СЈО. Воедно истакна дека од сите пријавени кандидати најголемо искуство има јавниот обвинител Јован Серафимовски за кој кажа дека е доста солиден јавно обвинителски кадар.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски укажа на податокот дека на огласот се имаат пријавено доста добри кандидати, а Советот ќе мора да избере само двајца од пријавените и дека при изборот станува збор само за нијанси. Воедно потенцираше дека планирано е да се распише нов оглас за ова јавно обвинителство, за пополнување на останатите јавно обвинителски места.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на двајца јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје.

**Кандидатот Зоран Маркоски доби 3 гласа ЗА, 2 гласа ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Наташа Гоџоска доби 9 гласа ЗА, кандидатот Артан Ајро доби 9 гласа ЗА, кандидатот Спасенка Андонова доби 5 гласа ЗА, 1 глас ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Владимир Милошески доби 6 гласа ЗА, 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Наташа Сарамандова доби 4 гласа ЗА, 2 гласа ПРОТИВ 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Јован Серафимовски доби 2 гласа ЗА 2 гласа ПРОТИВ 5 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Љубомир Лапе доби 2 гласа ЗА, 1 глас ПРОТИВ, 6 гласа ВОЗДРЖАНИ , кандидатот Златко Бикоски доби 4 гласа ЗА, 5 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Расим Дреца доби 2 гласа ЗА, 5 гласа ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Дарко Јакимовски доби 4 гласа ЗА, 2 гласа ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ и кандидатот Ленче Ристоска доби 3 гласа ЗА, 2 гласа ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ.**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Наташа Гоџоска и Артан Ајро за јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје.**

Се помина на точката четири од дневниот ред за избор на четири јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје. Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека на огласот се имаат пријавено седум кандидати и тоа јавните обвинители Милица Гаврилова, Газменд Мехмети, Елизабета Јосифоска, Александар Маркоски, Владимир Милошески, Оливера Проеска и Верица Бержецка Крстева. Воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерата за секој јавен обвинител поединечно, истакнувајќи дека јавните обвинители позитивно се оценети, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Иџет Мемети кој кажа дека имало поведено дисциплинска постапка за тројца јавни обвинители, меѓу кои и за јавниот обвинител Елизабета Јосифоска, каде што Дисциплинската комисија донела решение да се отфрли предлогот за јавниот обвинител Елизабета Јосифоска, додека за останатите двајца јавни обвинители било донесено решение со предлог до Советот од кое едното за парична казна, а другото за

разрешување од функција јавен обвинител. Воедно истакна дека двете решенија се обжалени.

Г-ѓа Јасна Жежова се осврна на кандидатот Милица Гаврилова која доаѓа од подрачјето на ВЈО Штип, за која кажа дека станува збор за стручен и искусен јавен обвинител кој добро и професионално ја иврщува функцијата јавен обвинител во ОЈО Штип, а имала покажано и солидни резултати во ОЈО ГОКК-Скопје и смета дека може да се даде доверба да ја извршува функцијата јавен обвинител во ова јавно обвинителство. Исто така се осврна и на јавниот обвинител Верица Бержецка Крстева, каде што кажа дека ја познава уште од времето кога била кандидатат за јавен обвинител од АСЈО, бидејќи дел од практичната обука ја спроведувала во ВЈО Штип, и има добро мислење како стручен кадар кој квалитетно ги извршувала дадените работни задачи и смета дека со успех би ја извршувала функцијата јавен обвинител во ОЈО ГОКК-Скопје.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека со изборот на јавниот обвинител Артан Ајро за јавен обвинител во ВЈО Скопје, Советот ќе треба да објави нов оглас за избор на јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје, бидејќи станува збор за значајно јавно обвинителство и дека фокусот на домашната и меѓународната јавност е сконцентрирана кон пополнување на ова јавно обвинителство со јавно обвинителски кадар.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на четири јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција- Скопје.

**Кандидатот Милица Гаврилова доби 9 гласа ЗА, кандидатот Газменд Мехмети доби 2 гласа ЗА, 5 гласа ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Елизабета Јосифоска доби 2 гласа ЗА, 3 гласа ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Александар Маркоски доби 1 глас ЗА, 2 глас ПРОТИВ и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Владимир Милошески доби 5 гласа ЗА, и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Оливера Проеска доби 7 гласа ЗА, и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Верица Бержецка Крстева доби 9 гласа ЗА.**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Милица Гаврилова, Оливера Проеска и Верица Бержецка Крстева за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - Скопје.**

Под точката пет од дневниот ред за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар, Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека на огласот се има пријавено еден кандидат и тоа јавниот обвинител во ОЈО Гостивар г-ѓа Елизабета Јосифоска, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар.

**Кандидатот Елизабета Јосифоска доби 9 гласа ЗА**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Елизабета Јосифоска за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар.**

Под точката шест од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека Советот има објавено оглас за избор на јавни обвинители со завршена АСЈО за повеќе јавни обвинителство во РСМ, и дека се имаат пријавено само еден кандидат за ОЈО Каварaци и шест кандидати за во ОЈО Скопје. Кажа дека за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кавадарци се има јавено кандидатот со завршена обука во АСЈО, г-ѓа Елена Манчева Костова, по што ги запозна членовите на Советот со кратката биографија на кандидатот и отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кавадарци.

**Кандидатот Елена Манчева Костова доби 9 гласа ЗА**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Елена Манчева Костова за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кавадарци.**

Под точката седум од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека Советот има објавено оглас за избор на пет јавни обвинители со завршена АСЈО во Основното јавно обвинителство Скопје се имаат пријавено шест кандидати и тоа Зоран Здравев, Игор Димитровски, Ирина Спасоска Здравеска, Емилија Мизо Димков, Фатмир Муса и Ајбејан Ајдини. Воедно претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со кратката биографија на кандидатите и отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Г-дин Влатко Георгиевски истакна дека радува податокот што има вакви кандидати за јавни обвинители и на тоа упатуваат и податоците од ранг листата добиена од страна на АСЈО, каде кандидатите Ирина Спасоска Здравеска и Емилија Мизо Димков се на врвот на општата листа. Воедно кажа дека кандидатката Емилија Мизо Димков има работено како стручен соработник во ОЈО ГОКК-Скопје, каде добивала сложени задачи кои што со успех ги завршувала и смета дека во овој момент би можела да работи и како јавен обвинител во тоа јавно обвинителство. По однос на кандидатката Ирина Спасоска Здравеска кажа пофални зборови и укажа дека при водењето на интервјуто оставила исклучително професионален впечаток со сериозен пристап. Воедно кажа дека и останатите кандидати се солидни и треба да им се даде шанса.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на пет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје.

**Кандидатот Зоран Здравев доби 9 гласа ЗА, кандидатот Игор Димитровски доби 3 гласа ЗА, и 6 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Ирина Спасоска Здавеска доби 9 гласа ЗА, кандидатот Емилија Мизо Димков доби 9 гласа ЗА, кандидатот Фатмир Муса доби 8 гласа ЗА, и 1 глас ВОЗДРЖАН и кандидатот Ајбејан Ајдини доби 9 гласа ЗА.**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Зоран Здравев, Ирина Спасоска Здравевска, Емилија Мизо Димков, Фатмир Муса и Ајбејан Ајдини за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје.**

Под точка разно од дневниот ред Претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со содржината на писмата добиени од страна на ОЈО Гостивар и ОЈО Тетово, каде јавните обвинителства се соочуваат со недостиг на работен простор и се бара да се изнајде решение за настанатите состојби кои траат подолг временски период.

Г-дин Ицет Мемети предложи ова прашање да се потегне пред Владата на РСМ, и воедно да се оствари средба со Министерот за правда на РСМ.

Јавниот обвинител на РСМ, г-дин Љубомир Јовески смета дека и Јавното обвинителство на РСМ, треба да се вклучи во решавањето на настанатите состојби од причина што како орган е одговорен за создавање на услови за работа на јавните обвинителства во РСМ, и заедно со Советот да се вклучат во решавање на овој настанат проблем.

Под истата точка од дневниот ред г-дин Ицет Мемети ги запозна членовите на Советот со содржината на предметот РО бр.31/22 и 107/22.

Под истата точка од дневниот ред заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку ги запозна членовите на Советот со содржината на претставката РО бр.97/23.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи осумдесет и втората седница на Советот.

Записникот го водел:
Аспарух Мисајловски
Генерален секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Антонио Јолевски**